Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 30-та седница одржана на ден 15.05.2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-574/1 од 19.02.2019 година на подносителот ------------------------------- од --------------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-574 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 574/1 од 19.02.2019 година.

Предметот со број 12-574 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-574 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-574/1 од 19.02.2019 година - доставена по електронска пошта, од познат подносител, физичко лице.

Кон пријавата, подносителот дополнително доставил до ДКСК и дополна бр. 12-574/2 од 19.02.2019 година. Со наведеното писмено – дополна бр. 12-574/2 од 19.02.2019 година, идентична по содржина е и се однесува на иста фактичка состојба и пријавата бр. 12- 565/1 од 18.02.2019 година по која е оформен предметот со број 12-565 од 2019 година, па оттаму Државната комисија постапи и одлучуваше по двата наведени предмети во единствена постапка во предметот со број 12-574 од 2019 година.

Со наведените поднесоци подносителот изразува незадоволство од нереализирани ветувања, дадени од одредени службени лица во Република Северна Македонија, за вработување на негово блиско лице – сопруга, за која истовремено наведува дека претходно извршувала, без склучен договор за вработување, работи на работно место хигиеничар во ------------------------. Пријавата и дополнувањето се со конфузна содржина и не упатуваат на определена постапка за вработување ниту на точно определено службено лице бидејќи истовремено се споменуваат градоначалници – поранешен и сегашен на општина ----------------, поранешен министер за образование и наука и други лица, а се наведува и информираност со предметниот случај на поширок круг на функционери, пратеници, претставници на меѓународната заедница, амбасадори и др. лица.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот при што оцени дека се тие

неопределени, дека не се однесуваат на конкретна постапка за вработување по објавен оглас за вработување, како и дека се засноваат на субјективни видувања на подносителот на пријавата.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција – злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на избрани и именувани лица.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

Одлучено на ден 15 мај 2020 година под бр. 12- 2017/2

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник
Одобрил : Софка Пејовска Дојчиновска, Член на ДКСК

Доставено до :

- Архива
- Подносителот